# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

- Би-МЕК, како овластен претставник за Македонија на многубројни прволасни производители на медицинска опрема, молекуларни тестови и потрошни материјали се стреми кон **високо-квалитетна услуга за испорака, инсталација, обука и сервис на опремата**, согласно **законската регулатива и меѓународните стандарди** за работа со медицинска опрема како и **високо-квалитетна услуга за испорака на** тестови за молекуларна дијагностика и потрошни материјали.

- Би-МЕК континуирано го следи степенот на **задоволство на клиентите** и ги **проучува нивните препораки и барања**, а притоа истите ги користи за **подобрување на карактеристиките на услугите и за усовршување на Системот за управување со квалитет**.

- Врвното Раководството на Би-МЕК обезбедува **мотивираност, вклученост и посветеност кон остварување на стратешките определби и цели**.

- Би-МЕК се стреми да одржува тим од високо-квалификувани и мотивирани вработени, кои се свесни за важноста на своите дејствија, при што се остварува **непречена, навремена и точна комуникација и соодветна дистрибуција на знаење**.

- Би-МЕК го **поддржува Системот за управување со квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015**.

- Би-МЕК се стреми навремено да ги **идентификува ризиците во работењето, проактивно да управува со нив заради унапредување** на услугите, процесите и Системот за управување со квалитет.

- Би-МЕК во своето работење применува **процесен приод** и врши **идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси** кои имаат влијание врз квалитетот на производите и услугите. Определува и собира неопходни информации за протокот на тие процеси и ги мери **резултатите во однос на нивната продуктивност и ефикасност**.

- Раководството периодично извршува **контрола на политиката**, функционирањето на системот за управување со квалитет, **исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет**.

- Би-МЕК **им гарантира на своите клиенти високо професионална услуга** и максимално исполнување на превземените ангажмани.

14.02.2019, Скопје

Директор

Даница Алачка Дукоска

Дата: 14.02.2019 I Верзија: 03